МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ПРОГРАМА ЗА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *СОЦИОЛОГИЈА*

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

ЗА **IV** ГОДИНА

Скопје, 2003 година

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** социологија

**1.2.Вид на средно образование:** гимназиско

**1.3. Година на изучување на наставниот предмет:** IV (четврта) година

**1.4. Број на часови на наставниот предмет**
1.4.1. Број на часови неделно: 3 часа
1.4.2. Број на часови годишно: 99 часа

**1.5. Статус на наставниот предмет:** изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Основната цел на наставниот предмет социологија е да им овозможи на учениците социолошко разбирање на современото општество, современите општествени процеси, особено согледани на примерот на македонското општество.

Преку наставата по социологија учениците ќе можат:

- да разликуваат периоди во развитокот на современото општество;
- да ги осознаат карактеристиките на новиот светски поредок;
- да ги анализираат состојбите во македонското општество и да го определат неговиот развој;
- да го објаснат заемното влијание на општеството и личноста;
- да градат свест за егзистенцијалните прашања на личноста и животот во современото општество;
- да го сфатат значењето на граѓанското здружување во современото општество;
- да знаат како да го изградат сопствениот идентитет, но и групната припадност во општеството во кое живеат;
- да знаат како да ги заштитат своите граѓанси права и одговорности, но и да ги почитуваат правата на другите;
- да ја применуваат политиката на човековите права и принципите на демократијата во Р. Македонија;
- да изградат критички став за влијанието на различни идеологии во општеството;
- да идентификуваат социјални конфликти и начини на нивно разрешување;
- да ја разберат потребата од колективно дејствување во современото општество;
- да стекнат претстава за современото европско сеопштество;
- да изградат свест за европските вредности и европскиот идентитет;
- да формираат начини на однесување со што ќе придонесат во процесот на интеграција на Р. Македонија во Европската унија;
- да ја сфатат поврзаноста помеѓу општествените промени и социологијата;
- да ги користат усвоените знаења од современите социолошки теории во секојдневниот живот;
- да ја усвојат и соодветно да ја применуваат социолошката терминологија.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ НИВОА НА ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини и постигнувањата на целите во рамките на овој наставен предмет, потребни се предзнаења од социологија стекнати во втора и трета година во гимназиското образование, како и одредени знаења од историјата кои се однесуваат на историскиот развој на општеството.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

## 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички забелешки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1.Современи макро-општествени процеси**<br><br>- Современото општество во историскиот континуум<br>- Постиндустријализам и општество на знаењето<br>- Постматеријализам и постмодернизам<br>- Посткомунизам и постсоцијализам или транзиција<br>- Постисторија и крај на историјата<br>- Постблоковскиот свет, крајот на студената војна и новиот светски поредок<br>- Нациите и националните држави денес<br>- Современото македонско општество: состојби и перспективи на развојот. | 10<br><br>7+3 | **Ученикот:**<br>- ги анализира факторите кои влијаеле врз развојот современото општество;<br>- умее да ги објасни макроопштествените процеси;<br>- сфаќа кои се обележјата на: постиндустријализмот, општеството на знаење; постматеријализмот, постмодернизмот, посткомунизмот, постсоцијализмот; постблоковскиот свет;<br>- воочува разлики и сличности помеѓу периодите од општествениот развој;<br>- знае да го опише и да дискутира за новиот светски поредок;<br>- ја сфаќа улогата на нациите и националните држави денес;<br>- умее да ги определи сегашните состојби во македонското општество и перспективите на неговиот развој. | **Наставникот:**<br>- поттикнува дискусија за социолошкото поимање на современото општество;<br>- анализира со учениците аудиовизуелни материјали на кои се прикажани доминантните обележја на макроопштествените процеси за кои станува збор;<br>- се прави анализа и споредба меѓу макроопштествени процеси: постиндустријализмот, општеството на знаење, постматеријализмот, постмодернизмот, посткомунизмот, постсоцијализмот;<br>- ја објаснува организацијата на општествените заедници во постблоковскиот период;<br>- дебатира за организацијата на животот во новиот светски поредок и животот без студената војна;<br>- организира работа во групи: “Што знам за нациите и што сакам да знам за нациите денес”;<br>- иницира дебата на тема: “Македонското општество денес и утре”. | - Историја,<br>- Тематски целини од социологија за II и III година; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. Современото општество, личноста и идентитетот**<br><br>- Општеството и индивидуалната свест: интернализацијата на другите и формирањето на себството<br>- Социјално дејствување: поим и типови<br>- Индивидуализација, индивидуализирано општество, индивидуализам и колективизам<br>- Егзистенцијалните прашања на личноста<br>- Индивидуализацијата на животните циклуси, животните стилови<br>-Интегрирање и репродукција на индивидуализираното општество: индивидуално-заедно<br>- Заедништво и содружништво<br>- Групниот идентитет и групната припадност во современото општество<br>- Мултукултурно општество | 11<br>8+ 3 | - Умее да го објасни влијанието на општеството врз личноста и нејзиниот идентитет;<br>- го познава значењето на себството и интернализација на другите во современото општество;<br>- прави разлика помеѓу индивидуализација, индивидуализирано општество, индивидуализам, колективизам;<br>- гради позитивен став кон егзистенцијалните прашања на личноста: пазарот на труд (животен стандард), образованието (квалитетот на живот, конкуренција, подвижност, индивидуалноста);<br>- ги разбира причините за индивидуализација на животните циклуси, животните стилови;<br>- ги објаснува поимите за безбрачност, вонбрачност, бездетност, безперспективност (срам), бессрам;<br>- го сфаќа поимот на индивидуализирано општество, неговото интегрирање и репродукција;<br>- умее да го објасни значењето на заедништвото и содружништвото во современото општество;<br>- ја разбира потребата од постоење на групниот идентитет и групна припадност во современото општество; | - Презентира биографии на личности од општествениот живот кои (не) постигнале личен и професионален успех во нашето општество и заедно со учениците ги бара причините за тоа;<br>- го објаснува поимот себство и формирањето на себството;<br>- ги насочува учениците да идентификуваат примери на социјално дејствување;<br>- организира работа во групи: учениците пишуваат есеј на тема: ”Индивидуализам и колективизам: карактеристики, предности и слабости;<br>- чита избрани текстови во кои се искажани мислења за егзистенцијалните прашања за личноста и води дебата со учениците;<br>- организира средба со стручни лица (социјален работник, социолог, лекар, судија и др.) кои ги проучуваат и следат животните стилови во Р. Македонија и прави анализа на истите;<br>- на избрани дела од познати социолози ја елаборира основната идеја на заедништвото и содружништвото; | - Филозофија,<br>- Психологија<br>- Социологија за втора/ трета година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - знае за основните белези на мултикултурното општество; потребните вештини и ставови за лично поставување во мултикултурни средини и ситуации. | - групна работа: иницира споредбена анализа помеѓу личен и групен идентитет;<br>- иницира изработка на портфолио (пано) на кое се претставени основните белези мултикултурното општество. | |
| **3. Граѓанственост и граѓански права и одговорности**<br><br>- Човекот како граѓанин<br>- Човекови права: поим, општествена смисла, потеклото и развојот на идејата за човековите права<br>- Меѓународна димензија на човековите права<br>- Лични права и слободи<br>- Политички права и слободи<br>- Социјални, економски и културни прва и слободи<br>- Правата и слободите и општествениот развој<br>- Човековите права како права и како практики | 12<br><br>9 + 3 | - Умее да ги идентификува карактеристиките на граѓанинот и граѓанственоста (граѓански статус, граѓански улоги, граѓански права, граѓански слободи и одговорности);<br>- го објаснува потеклото и развојот на човековите права;<br>- ја разбира меѓународната димензија на човековите права;<br>- умее да го објасни значењето на личните права и слободи;<br>- прави разлика меѓу личните, политичките, економските, социјалните и културните права и слободи;<br>- ја согледува поврзаноста помеѓу човековите права и слободи и општествениот развој;<br>- ја разбира потребата од почитувањето на човековите права во демоцратските општества;<br>- наведува примери од историјата поврзани со борбата за остварување на човековите права и слободи; | - Анализира со учениците примероци од дневен печат и бара од нив да идентификуваат ситуации во кои е дефиниран граѓански статус, претставени граѓански улоги, остварени или нарушени граѓански права, слободи и одговорности;<br>- со учениците анализира избрани трудови во кои е претставена идејата за човековите права;<br>- работа во групи: ја иницира и анализира Универзалната декларација за човекови права;<br>- составува листа од човековите права и од учениците бара да ги идентификуваат и да ги класифицираат според видот;<br>- дава примери за третманот на човековите права и слободи низ историјата;<br>- организира видеопроекција на филмот: ”Амистат”од режисерот Стивен Спилберг и организира дебата; | - Историја<br>- Граѓанско образование за стручни училишта<br>- Устав на РМ<br>- Универзална декларација за човекови права |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Човековите права во Република Македонија | | - прави анализа за тоа колку се почитуваат човековите права во Р. Македонија | - го анализира со учениците Уставот на Р. Македонија и начинот на кој се заштитени човековите права во него. | |
| **4. Политиката на човековите права**<br><br>- Демократизацијата во РМ<br><br>- Избори и изборно однесување<br><br>- Владеење на мнозинството и заштита на малцинствата<br><br>- Поделба на власта<br><br>- Владеење на правото и правна држава<br><br>- Јавност и јавно мислење: јавен и приватен живот<br><br>- Граѓанско содружништво: поим и елементи | 10<br><br>7 + 3 | - Објаснува за потребата од демократизација на општеството во Република Македонија;<br>- знае за изборите и начините на нивното спроведување (изборното однесување);<br>- објаснува како преку принципот “владеењето на мнозинството и заштита на малцинствата” граѓаните донесуваат политички одлуки;<br>- ги идентификува трите облици на власт: законодавна, извршна и судска;<br>- ја објаснува корисста од тројната поделба на власта во демократската држава;<br>- умее да ја објасни врската помеѓу власта и јавното мислење;<br>- сфаќа дека во демократијата сите граѓани имаат еднаква заштита пред законот;<br>- на дадени примери ги открива поимот и суштината за граѓанското содружништво во современото демократско општество и во Македонија;<br>- знае за местото и улогата на волонтаризмот, непрофитноста, милосрдието, невладиното и неполитичко организирање во демократското општество. | - Работа во групи: учениците идентификуваат недемократски постапки на власта и предлагаат конструктивни критики;<br>- се изработуваат модели за структурата и поделбата на власта;<br>- се анализираат содржини од дневниот печат кои се однесуваат на работата на владата и нејзините институции;<br>- организира дебата со стручни лица за бројот и причините на изречени обвиненија против граѓани во Р. Македонија;<br>- ги запознава учениците со истражувачките техники и постапки применети во веќе спроведени испитувања на јавното мислење;<br>- се организира мини истражување “јавното мислење за ослободување на средношколците од приемен испит на факултетите”<br>- се анализираат статутот, програмите за работа, правилниците на невладини и неполитички организации. | - Граѓанска култура во седмо и осмо одделение;<br>- Устав на РМ<br>- Уставно право<br>- Граѓанско образование во стручни училишта |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5. Идеологијата во современите општества**<br><br>- Идеологијата како форма на општествена свест<br>- Либерализам и неолиберализам<br>- Социјализам и социјалдемократија<br>- Конзервативизам и комунитаризам<br>- Фундаментализам и екуменизам | **8**<br><br>5 + 3 | - Умее да ја определи идеологијата;<br>- ја сфаќа улогата на идеологијата во современите општества;<br>- гради став за позитивните и негативните влијанија на идеологијата;<br>- ја објаснува идеологијата на либерализмот и неолиберализмот;<br><br>- умее да направи разлика меѓу: социјализам, социјалдемократија, конзервативизам, комунитаризам, фундаментализам, екуменизам. | - Се илустрираат примери за влијанието на идеологиите на доминантните политички партии во светот и во Р. Македонија;<br><br>- се анализираат: извештаи, списанија, дневен печат, аудиовизуелен материјал за современите идеолошки движења во светот;<br>- се изработува портфолио: “Идеолошките водачи денес”. | - Историја<br>- Социологија |
| **6.Општествените конфликти денес**<br><br>- Социјален конфликт<br><br>- Внатреопштествени конфликти и меѓуопштествени конфликти<br>- Насилство и ненасилство, тероризам и антитероризам<br><br>- Справување со конфликтите во современите општества и меѓу нив | **8**<br><br>5 + 3 | - Го разбира поимот социјален конфликт;<br>- знае како настанува социјален конфликт;<br>- умее да идентификува внатреопштествени и меѓуопштествени конфликти и ги знае последиците од нив;<br>- прави разлика помеѓу насилство и ненасилство, тероризам и антитероризам;<br>- умее да идентификува причини за судир на култури и на цивилизации;<br>- ги знае начините за справување со конфликтите во современите општества и меѓу нив; | - Иницира и бара од учениците да посочат повеќе состојби на социјален конфликт во општеството;<br>- организира следење на филмско остварување со конфликтна тематика и бара од нив да го искажат своето мислење;<br>- организира работилници на тема: “Насилството и тероризмот денес”<br>- предлага на учениците избран текст, статија, животна ситуација за анализа во кои е преставено мешање и судир на култури и на цивилизации и поведува разговор;<br>- поставува проблемска ситуација; на пример: бара од учениците да | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Постконфликт | | - умее да определи постконфликтна состојба во општеството;<br>- познава излезни стратегии за враќање на социјалната доверба; | предложат решение за состојба настаната од повоен конфликт, меѓуетнички конфликт, организиран криминал и сл. | |
| **7. Колективно дејствување и социјални движења**<br><br>- Колективно дејствување: поим и видови<br>- Нови социјални движења: поим и видови<br>- Женски движења и феминизам<br>- Еколошки движења<br>- Мировни движења | 8<br><br>5 + 3 | - Објаснува за видовите на колективно дејствување и потребата од нив во општесвеното живеење;<br>- ги објаснува причините за појавата на нови социјални движења во светот;<br>- ги разбира улогата и финкционирањето на социјалните движења;<br>- опишува нови социјални движења;<br>- идентификува состојби и промени во општеството предизвикани од женските движења и феминизмот;<br>- знае за значењето на еколошките и мировните движења;<br>- умее да наброи неколку мировни движења во светот. | - Дава примери на колективно дејствување;<br>- бара од учениците да направат споредба меѓу различни видови колективно дејствување;<br>- организира средба на учениците со членови на женската организација, еколошки асоцијации; учениците се запознаваат со нивните програми за работа, дејствување и сл.<br>- користи податоци добиени на ВЕБ страниците на некои мировни движења во светот и поттикнува дискусија. | |
| **8. Современото европско сеопштество**<br><br>- Социолошки поим за современото европско сеопштество | 13<br><br>9+ 4 | - Умее да го објасни поимот за современото европско сеопштество;<br>- осознава за географско. историско, економско, политичко и социолошко поимање на Европа; | - Презентира кусо предавање и со помош на илустративен материјал (слики, слајдови, географска карта), го објаснува социолошкото значење на поимот современо европско сеопштество; | - Историја<br>- меѓународни документи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Реконструкцијата, помирувањето и интеграцијата на еврските земји по II светска војна<br>- Формирањето на Европската заедница: социјални, економски и политички основи<br>- Проширувањата на Европската заедница<br>- Појавата на Европската унија и нејзиното проширување до денес<br>- Институциите на Европската унија<br>- Европски вредности и европски идентитет<br>- Интеграцијата на Република Мекедонија во Европската Унија | | - ја сфаќа потребата од создавање на современото европско сеопштество;<br>- осознава за процесите кои ја овозможиле реконструкцијата, помирувањето и интеграцијата на европските земји по II светска војна;<br>- ги идентификува социјалните, економските и политичките основи на кои опстојува Европската заедница;<br>- умее да ги објасни факторите кои го овозможиле создавањето на Европската унија;<br>- умее да ја објасни постапката за членството во Европската унија;<br>- знае за институциите на Европската унија;<br>- формира свест за европските вредности и европскиот идентитет;<br>- да го објасни процесот на интеграција на Р. Македонија во Европската унија. | - воспоставува корелација со содржините од историја кои се однесуваат на интеграцијата на европските земји по Втората светска војна;<br>- организира работа во групи; бара од учениците да изготват шематски приказ за организацијата и функционирањето на ЕУ;<br>- со учениците изготвува листа на критериуми кои им овозможуваат на земјите кан-дидатки влез во ЕУ;<br>- бара од учениците да изготват листа на европски вредности и стандарди според кои таа се препознава и идентификува;<br>- иницира изработка на есеј на тема: ”Македонија во Европа, како и кога”. | |
| **9. Социологијата и промените во современото општество**<br><br>- Општествените промени и современото општество<br><br>- Улогата на елитите во општествените промени | 5<br><br>3+ 2 | - Идентификува видови општествени промени;<br><br>- знае да ги определи елитните групи во современото општество;<br>- умее да го објасни влијанието на елитите врз општествените промени;<br>- ја сфаќа поврзаноста помеѓу промените, државата и социологијата; | - Бара од учениците да изготват пано на кое се идентификувани елитни групи и нивните стилови на живот;<br><br>- ја објаснува поврзаноста на општествените промени, државата и социологијата; | - Социологија втора година<br>- Историја |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Промените, државата и социологијата<br>- Глобална социологија за глобално сеопштество | | - умее да го објасни влијанието на политиката врз развојот на научната мисла;<br><br>- умее да ги идентификува поимите глобална социологија, глобално сеопштество. | - го објаснува предметот на проучување на глобалната социологија;<br><br>- упатува на користење социолошки терминолошки речник. | |
| **10. Современи определби на социологијата**<br><br>- Социолошката теорија на Ентони Гиденс<br><br>- Социолошката теорија на Пијер Бурдије<br><br>- Социолошката теорија на Зигмунд Бауман<br><br>- Социолошката теорија на Јирген Хабермас<br><br>- Современата социологија во Македонија | 8<br><br>5 + 3 | - Знае за основните идеи во социолошките теории на: Ентони Гиденс, Пијер Бурдије, Зигмунт Бауман, Јирген Хаберманс;<br><br>- умее да направи разлика помеѓу нив;<br><br>- се запознава со теориите на современата социологија во Р. Македонија;<br><br>- умее да објасни на што се засновани современите определби на социологијата. | - Помага на учениците полесно да ги сфатат мотивите и условите во кои настанале овие теории;<br><br>- ги објаснува основните поими во теориите за кои станува збор;<br><br>- упатува на користење социолошки терминолошки речник;<br><br>- ги објаснува современите гледања на социологијата во Македонија и поттикнува дискусија. | - Социологија втора и трета година |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

При реализацијата на наставата програма по социологија треба да се употребуваат методи и техники на учење кои одговараат на карактеристичните белези на нејзиниот предмет. Треба да се користи комбинација на фронтална, индивидуална, групна и тандем форма. Особено внимание треба да се обрне на почестото практикување на индивидуалната и групната форма на работа. Индивидуалната форма на наставна работа овозможува секој ученик да се упати кон самостојна работа во текот на часот. Наставникот треба да воспостави работна атмосфера во класот, да разменува мислења со своите ученици консултирајќи ги за нивните ставови и дилеми.

Се препорачува во наставата по социологија почесто да се практикува индуктивниот пристап. Тоа значи, низ примери и дискусии, да се откријат основните карактеристики на социолошките појави, процеси и на тој начин тие да се дефинираат.

**Активностите на ученикот** треба да бидат добро осмислени, планирани и да го постават секој ученик како централен субјект во наставата. На тој начин ќе се остварува и процесот на самоучење. Наставата по социологија треба да го форсира ученикот активно да слуша, да чита, да вежба, да открива законитости, да учи независно и самостојно, да го проверува стекнатото знаење со своите соученици, да дебатира, коментира, да решава проблемски ситуации, да предлага мислења, да формира ставови. Во процесот на самоучење да работи во група и индивидуално. Да се обидува да ги дефинира поимите, да изработува домашни задачи, да го самопроценува процесот на своето напредување во стекнување знаења.

**Активности на наставникот**

Наставникот во изведбата на часот ќе дава информации и инструкции, ќе ги објаснува целите и задачите на часот, ќе го објаснува текот на часот и начините на негова реализација; ќе поставува задачи на групите; ќе поставува прашања кои ќе предизвикаат логичко размислување кај учениците, ќе ги организира и води дискусиите и на крајот од часот ќе се обиде да го обедини сето она што е направено во рамките на поставените цели и задачи на часот.
Наставникот е должен да изготвува годишно, тематско и дневно планирање на наставата, согласно целите и задачите предвидени со наставната програма по социологја.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по социологија ќе се организира и реализира согласно изведбениот наставен план за гимназиско образование кој се однесува на општествено-хуманистичкото подрачје и неделниот (годишниот) распоред на часови определен за овој наставен предмет. За непосредната реализација на наставата потребна е училница, а за некои тематски целини неопходен е и кабинет опремен со компјутери поврзани на Интернет мрежа. Одредени индивидуални задачи ќе се работат и дома.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За да можат успешно да се реализираат целите и задачите на наставата по социологија, истата би требало да се изведува со следните средства и помагала: табла, креда, графоскоп, цртежи, шеми, аудиовизуелни помагала (ЦД плеар, видеорикордер, ТВ), компјутерска технологија, стручна литература (учебници, книги, брошури и статии), текстови со публицистички карактер итн.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето и проверувањето на постигањата на учениците во системот на образование е задолжителен дел од наставниот процес. Следењето и оценувањето на учениците ќе се одвива во текот на целата учебна година. Со него ќе биде опфатено: нивото на усвоените наставни содржини, стекнатите вештини за примена на знаењата, нивото на развиеност на способност за размислување (анализа, синтеза, воопштување и сл.), како и изградување на свои сопствени ставови. Следењето и оценувањето ќе се остварува преку примена на соодветни постапки: изработка на есеи, усни презентации, стандардизирани тестови, дискусии и сл.). Наставникот ќе го следи залагањето на ученикот во индивидуалните задачи, неговата работа во групи, учеството во дискусии, изработката на семинарски работи, групни проекти, портфолија за да дојде до израз самостојноста и активноста на учениците.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставниците треба да ги поседуваат следните карактеристики, како основен предуслов за успешно реализирање на наставната програма:

- персонални карактеристики: интелигенција, општа култура, мотивација за работа, радост во работата, интуитивност, креативност, комуникативност итн.;
- професионални карактеристики: стручност, работно искуство, перманентно усовршување на знаењата, секојдневно следење на стручни информации, соработка со соодветни стручни институции итн.;
- педагошки карактеристики: педагошко образование и обука, способност за одржување настава, планирање и организирање, комуникација, однос кон учениците, способност за примена на образовна технологија итн.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот социологија ќе ја изведува дипломиран социолог, магистер по социолошки науки, доктор по социолошки науки.

### 6.3. Стандард за простор

Наставата по предметот социологија ќе се реализира во специјализирана училница, опремена со наставни средства и помагала: видеорикордер, компјутер, проектор, социолошка литература.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Дата на изработката:** ноември 2003 година.

7.2. Состав на работната група:

1. Д-р Ило Трајковски, професор по социологија на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет - Скопје
2. Гордана Трајкова-Костовска, советник по социологија во Бирото за развој на образованието
3. Агим Фазлију, социолог, Министерство за образование и наука на Р. Македонија
4. Трајан Крстески, професор по социологија, ДСУ "Св. Наум Охридски" М. Брод

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Дата на започнување: 01.09.2004 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за социологија ја одобри (донесе): ___________________________________________________

____________________________________со решение бр. _____________________ од _____________________ година.